countering violent extremism

ZIP Institute
local governance | informal learning

Partizanski Odredi 106 1/3, Skopje
02/6159832
info@zipinstitute.mk
www.zipinstitute.mk

**Visit to the Transit Center and Refugee Camp Vinojug in Gevgelija**

*30th March 2017, **Gevgelija***

Интервју со Слободан Митровиќ
Тим лидер на Црвениот Крст на Република Македонија во Винојуг

На крајот на месец март, како дел од нашиот CVE проект, тимот на ЗИП Институт имаше исклучителна можност да го посети Транзитниот центар и камп за бегалци Винојуг во близина на Гевгелија. За време на нашата посета, освен што имавме можност да се радвижиме низ кампот и да ги видиме сместувачките капацитети, кујните, хигиенските услови како и условите за живот и работа, имавме можност и одблиску да се запознаеме со 14-те бегалци што во моментов престојуваат во Винојуг. Исто така, поразговаравме и со луѓето кои несебично помагаат и работат во Центарот.
Еден од овие личности е и Слободан Митровиќ, тим лидер на Црвениот крст на Република Македонија во Винојуг. Во сенката пред канцеларијата на Црвениот крст, Слободан ни раскажа нешто повеќе за неговата работа, за предизвиците со коишто волонтерите секојдневно се соочуваат, како и за медиумски најопфатените теми и аспекти на бегалската криза.

Јована: За почеток, би сакала да Ве прашам како стигнавте тука? Односно, што Ве наведе да работите со Црвениот крст?
Слободан: Јас сум волонтер на Црвениот крст од 2005 година. Започнав во Клубот на млади, со активности за младите, па понатаму во тимот за одговор при катастрофи, тимот за спасување на планини и тимот за безбедност на вода. Додека работев во тимот за одговор при катастрофи, работев со бегалците од Косово. Со оглед на тоа, од самиот почеток на бегалската криза, односно од поголемиот наплив на бегалци од јуни 2015 година, работам со бегалците и мигрантите тука, во близина на Гевгелија, а потоа и во Винојуг.

Јована: Каква е ситуацијата во моментов во Центарот, и каков е просечниот ден, доколку постои нешто такво, бидејќи сепак, работата на вакво место е доста специфична?
Слободан: Во моментов, како што можете да видите, условите се навистина мирни бидејќи тука престојуваат многу мал број на луѓе. На почетокот на кризата, особено кога почнавме да работиме со мобилните тимови и достигнавме максимум од 14 000 до 16 000 луѓе во транзит во период од 24 часа, ситуацијата беше доста поразлична. За време на најголемата проодност на популарно наречената Балканска рута, дневно имавме околу 6 000 луѓе што транзитираа низ Центарот.

Јована: Кој е најголемиот предизвик при ваквата работа? Повеќе од очигледно е дека работата во ваков центар не е воопшто лесна, особено поради човечкиот фактор, и се работи со луѓе кои што навистина имаат поминато низ многу работи.
Слободан: Мислам дека на најголемиот дел од луѓето што транзитираа им беше потребна психолошка поддршка, бидејќи овие луѓе ги имаат напуштено своите домови и имаат тргнато во потрага по подобар, побезбеден живот, и сакаат да имаат сигурност и услови за живот што како човечки суштества, навистина би требале да ги имаат.
Првично, најголем, најисцоштувачки проблем беше јазичната бариера, бидејќи на нашите простори има многу мал број на луѓе што ги разбираат арапското писмо и јазик. Исто така, не мигрираа само луѓе од арапското јазично говорно подрачје, туку и од Африка, со кои што исто така имаше проблем во комуникација. Сепак, за среќа, секогаш се наоѓаше некој кој барем малку зборуваше англиски, па така се снаоѓавме до ангажирањето на преведувачи. На самиот почеток, и културолошките разлики играа голема улога.
Ние, тимовите од Црвениот крст, бевме на терен да помогнеме од медицински и логистички аспект, како и со храна, вода и средства за хигиена. За нас беше од огромна важност да ги премостиме културолошките разлики за да не се доведеме во ситуација и без никаква намера не нанесеме болка или пак да навредиме некого со нашиот начин на однесување, бидејќи секој човек треба да биде комплетно испочитуван како индивидуа.

Јована: Како што напоменавте, а и како што можеме да видиме, во моментов ситуацијата е доста мирна. Но, во екот на кризата, кои беа најкритичните моменти, што Ви недостигаше најмногу, од типот на инфраструктура, храна, вода и слично?
Слободан: Со некои помали проблеми се соочивме во текот на летниот период во 2015 година, пред и во текот на изградбата на Транзитниот центар, којшто почна со функција во август 2015 година.
Со најмногу проблеми се соочивме од логистички аспект, бидејќи сѐ уште се запознававме со рутите на движење на бегалците и мигрантите и со премините кои се користат, како и со начините на коишто овие луѓе доаѓаат до Железничката станица во Гевгелија.
Железничката станица во Гевгелија беше од стратешко значење бидејќи таму се издаваа потврдите со коишто луѓето можеа да транзитираат, а и се продаваа билети за железнички превоз, или пак се заминуваше со такси или со автобус.
Се соочувавме и со проблеми околу издавањето на потврдите за транзит, особено во периодите на наплив на бегалци и мигранти. Иако овој проблем се реши брзо, имаше период кога групи на мигранти и бегалци се задржуваа тука и по неколку дена, поради што имавме дополнителни потреби од типот на храна, вода, хигиенски средства и сместување. Предизвик беше и координацијата на тимовите на различните организации, бидејќи сите ние работевме на подобрување на условите за транзит.

Partizanski Odredi 106 1/3, Skopje
02/6159832
info@zipinstitute.mk
www.zipinstitute.mk

**Visit to the Transit Center and Refugee Camp Vinojug in Gevgelija**

*30th March 2017, **Gevgelija***

Јована: Дали се случувало во текот на тие кризни моменти да има кавги, револт или некои други конфликти во однос на тие ресурси?
Слободан: Па, освен сместување, другите ресурси беа во доволни количини. Нашите тимови беа на терен на почеток и по 12 часа, а потоа и по 24 часа, кога се оспособи Транзитниот центар. Генерално, револт или пак конфронтација со нас како волонтери или како тимови никогаш немало, но слушнавме од волонтерите кои што попатно асистираа дека имало конфликти меѓу различни групи, особено групи со лични цели во процесите на транзит на мигрантите и бегалците. Пред сѐ, ние сакавме да им помогнеме на луѓето со нивните медицински потреби, основни потреби како храна и вода и непрехранбени продукти, како и да им го олесниме процесот на транзитирање и да ги сослушаме.
Иако имаше незадоволство меѓу луѓето, најчесто бидејќи некој треба да чека повеќе за одреден ресурс повеќе од некој друг, што ние како Црвен крст и другите актери на терен се обидувавме да го „ублажиме" односно олесниме, бидејќи сакавме овие луѓе да ги искористат услугите и условите што ги нудиме.
Јована: Со оглед на тоа многу од овие луѓе доаѓаат од конфликтни, кризни подрачја, дали се случувало некои директни аспекти од овие конфликти да се пренесат во самиот центар? Дали се случило да има судири меѓу групи што имаат различни политички гледишта, или пак се од различни етникуми или религиски припадности? Доколку имало такви конфликтни ситуации, дали тимовите на Црвениот крст, другите невладини и меѓународни организации, и локалните структури како полиција и војска имаат реагирано и како имаат посредувано во таквите конфликти?
Слободан: Јас лично немам видено, немам посведочено некој посериозен конфликт, освен недоразбирања меѓу индивидуалци, кои што секако би можеле да се случат и во најмирни услови. Имам добиено неофицијални информации од колегите дека најмногу недоразбирања и ткн. конфликтни ситуации произлегувале од 2-3 месечните задржувања во Идомени на околу 15 000 луѓе. Пред неофицијалното затворање на Балканската рута на 7 март 2016 година, во Идомени се вршело селективно пропуштање на личности само од Сирија, Иран и Авганистан, па кај оние луѓе од други националности кои биле присутни, а не им бил дозволен транзит имало незадоволство и можеби барале начини да се ослободат од гневот и бесот, што ескалирало и до ниво на поединечни физички пресметки. Но, како што реков, овде кај нас, јас се немам сретнато со пресметки на ниво на националност или место на доаѓање, припадност и слично.

Јована: И наредното прашање се фокусира на концептот КОНФЛИКТ. Иако овој проект се фокусира на борба против насилниот екстремизам, дел од CVE проектот се заснова на дестигматизација на одредени групи, како бегалците, кои што доаѓаат од конфликтни и кризни подрачја, и понекогаш се поврзуваат со концептот на радикализација, пред сѐ од страна на медиумите. Дали можеби во вакви услови, сте се запознале со случаи на радикализација, особено кај младите, и дали таквите случаи се пријавуваат од страна на самата заедница или пак која е реакцијата на структурите што работат во Центарот кон такви случаи? Претпоставувам дека тука и јазичната бариера би играла голема улога.
Слободан: Да, токму така. Во однос на ранливоста на категориите бегалци и мигранти, најмногу работат организациите Отворена порта, Ла Страда и УНИЦЕФ, бидејќи сите организации што се на терен имаат различни полиња на дејствување.
Ние како Црвен крст на почеток нудевме медицинска и логистичка поддршка, односно транспорт и дистрибуција на храна, вода и облека, како и послужување на топол оброк – посебно од пакетите храна што луѓето ги добиваа. Во однос на останатите права на бегалците и мигрантите, пред сѐ работат другите организации и тие се оние што реагираат соодветно доколку се пријави било каков случај на радикализација и се задолжени за пренесување на информацијата до соодветните институции кои подоцна би презеле дејство.

Јована: Следното прашање е во врска со самите луѓе, односно самите личности што транзитираат, односно живеат во центарот. Кој е нивниот однос кон Вас како волонтери, како персонал, како личности што им помагаат за, доколку би можело така да се нарече, да стигнат кон својата цел за подобар живот?
Слободан: Поголем дел од организациите што се присутни во Центарот работат сменски, што значи дека се случува да поминеме и по 12 часа дневно со овие луѓе, и со нив понекогаш поминуваме повеќе време отколку дома со нашите семејства. Односите, особено со оние луѓе што беа тука на подолг период, беа пријателски, дури можам да да речам и роднински.
Односите беа блиски и искрени, па така секоја форма на, ако можам тоа да го наречам незадоволство, или пак било какви потреби, беа правилно адресирани и соодветно сослушани на начин којшто би довел само до подобрување и олеснување на условите на луѓето што беа сместени тука.
Причините за ваквите пријателски, топли односи беа хуманитарни, бидејќи не сакавме да ги изложиме овие луѓе на ризици и опасности надвор од Транзитниот центар, особено затоа што има појава на различни групи на луѓе кои што имаат различни цели и интереси, и коишто не се хуманитарци, туку, грубо речено, се бизнисмени. Се обидуваме да направиме сѐ што можеме за да ги заштитиме овие луѓе од тие надворешни влијанија од една страна, а од друга страна сакавме да им се овозможат услови во кои што тие ќе се чувствуваат покомотно.

Јована: Со оглед на тоа дека и самите кажавте дека односите на луѓето тука се пријателски, дали имало некои непријатни настани, односно дали сте се соочиле со лични закани или пак сте се почуствувале небезбедно работејќи во вакви услови?
Слободан: Јас лично? Или зборуваме за искуствата и на другите волонтери? Освен недоразбирања поради недостиг на информации, на пример кога на бегалците не им била доволно работата на одредени организации, мислеле дека можеби некој може да направи нешто повеќе а не сака, немало поголеми проблеми. За секое едно недоразбирање сме седнувале, како поединци, како групи или пак како организации и сме ги објаснувале нашите можности и ингеренции. Закани за време на работењето немало, а немало ни ниту некои посериозни недоразбирања, и многу често, особено со оние луѓе што останале во кампот на подолг период, проблемите се искажувале на смеа на шала, со цел да се подобри расположението на луѓето и самата атмосфера во кампот.

ZIP Institute
local governance | informal learning
Partizanski Odredi 106 1/3, Skopje
02/6159832
info@zipinstitute.mk
www.zipinstitute.mk

**Visit to the Transit Center and Refugee Camp Vinojug in Gevgelija**

*30th March 2017,* ***Gevgelija***

Јована: Следното прашање е на малку поинаква тема. Имено, низ медиумите, и локалните и светските, имаше доста фотографии на кои што мигрантите, односно бегалците се со мобилни телефони, т.н. смартфони во рацете. Која е улогата на телефонот, односно смартфонот како средство за комуникација во вакви ситуации, како и улогата на интернетот?
Прашањето го поставувам бидејќи многу често бевме сведоци на дискусии од типот на ,,Да беа овие луѓе навистина загрозени, дали би се грижеле за својот ајфон?", но од друга страна, најголемиот дел од комуникацијата денес се одвива преку интернет. На овие луѓе ваквите средства за комуникација можеби им се единствено средство за контакт со семејствата и мрежите на поддршка што можеби се останати и на другата страна од светот. Кое е Вашето мислење?
Слободан: Па пред сѐ, сета оваа „напредна" технологија е денес достапна баш за секого. Овие луѓе не планирале да им се случи тоа што им се случило, и никој од нас не би сакал да му се случи тоа што им се случува на овие луѓе. Во таква ситуација, прво се посегнува по тоа што е најблиску и го употребуваме секојдневно, иако на некого тоа може да му личи на некаков вид на луксуз.
Во однос на пристапноста до интернет, Црвениот крст како една од своите услуги нудеше пристап до wifi мрежа пред и за време на поставување на wifi мрежа во Центарот што беше олеснителна околност за многумина. Пристапот до интернет, особено за оние лица кои што се тргнати на пат без своите семејства е олеснителна околност, бидејќи навистина ги олеснува процесите на комуникација и информирање на родителите и семејствата на овие луѓе. Најчесто онлајн каналите за комуникација се користат за информации од типот на како се, каде се, до каде се, дали паднале во неволја, во непосакувани раце, во раце на криумчари, во раце на како што споменав претходно ткн.бизнисмени, бидејќи грижата од страна на семејството, родителите и пријателите е преголема. Сепак, треба да се запомни дека иако можеби овие луѓе првично тргнале од кризното подрачје, тоа не значи дека се безбедни.

Јована: И за крај, со оглед на тоа дека медиумската кампања кај нас во однос и на бегалците и мигрантите како личности, и во однос на транзитните центри, носеше многу различни пораки, според Вас, која е најпогрешната претстава во однос на сите овие луѓе кои што се обидуваат, доколку може така да се каже, да пронајдат подобар живот во Европа и во процесот на барање на тој подобар живот минуваат на Балканот?
Слободан: Да, секако, има многу информации, многу претпоставки, а секако и различни интереси да се прикаже сето ова што се случува низ Европа, што се главните причини за осудувањето и стигматизацијата на целото движење, целата мигрантска, односно бегалска криза. Сѐ додека не сме одблиску запознаени со реалната ситуација во која што се наоѓаат овие луѓе, не треба да претпоставуваме и да осудуваме.
Мислам дека како индивидуи, како луѓе, како хуманитарци и како дел од хуманитарна организација, наше е да помогнеме каде што можеме да помогнеме и да не осудуваме како некој тргнал или зашто некој тргнал. Јас тргнувам од себе, доколку се случи да тргнам некаде, иако тоа не го посакувам, од исти или од слични причини, не би сакал со секој еден да ја споделувам мојата приказна и мојата попатна мака. Доколку некој би сакал да помогне – би помогнал, доколку некој не сака – не мора.
Осудувањата без доволно информирање мислам дека беа огромна грешка и мислам дека требаше многу повеќе информирање на локалното население, попатно на целата рута каде што се движеа бегалците.
Верувајте, овие луѓе, иако ние мислиме, и се надеваме дека ќе се сретнат со хуманитарци на нивниот пат, верувајте, се плашат и од самите хуманитарци и се во огромен страв дека можеби ќе завршат со некаков несреќен случај попатно.

Јована: Слободан, Ви благодарам многу за одвоеното време и соработката со ЗИП Институт!
Слободан: Ви благодарам.